РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ISSN-1857-9779**

# БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## АНЕКС НА БИЛТЕНОТ број 1209

Скопје, 19.2.2020 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
***проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор***

**Уредник на Билтенот:**
***Илија Богоевски***

**Лектор:**
***Весна Илиевска-Цветановска***

Бр. ___________
5.8.2013
Скопје

**Предмет*****: Материјали за Билтенот за објавување на интернет страницата на УКиМ***

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на интернет страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат:

- рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања;
- рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа;
- прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми;
- рецензиите на учебници и учебни помагала, како и
- рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

По објавување на материјалите на интернет страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во електронска форма. Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со коригирани знаци во италик формата за македонските букви ‘д’, ‘п’, ‘т’, ‘г’ може да се најде интернет страницата на УКиМ, во делот **Документи** -> **Билтен на Универзитетот**. Исто така, таму може да се најде софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач при притискање на копчето ‘`’ и копчињата ‘е’ и ‘и’ во македонска поддршка да се добијат знаците ‘ѐ’, и ‘ѝ’ соодветно.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на интернет страницата, ве молиме, рефератите, откако ќе бидат лекторирани, да ги доставите во оригинална верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија со внесените корекции да ја доставите на е-адресата: ***bilten@ukim.edu.mk***.

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број,туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе биде добиена бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**УКИМ - Ректорат**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

По срамнување на материјалите добиени во електронска форма со материјалите добиени во печатена форма согласно со Упатството за начинот и постапката за издавање на Билтенот и за усогласување на формата и содржината на материјалите што се објавуваат во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, констатирана е техничка грешка, при што се дава следнава

**И С П Р А В К А**

Во Билтенот број 1209 од 15.2.2020 година на страна 21 до 26 објавен е „Приговор на Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област радиологија на Медицинскиот факултет – Скопје, објавен во Билтен бр. 1208 од 1.2.2020 година, поднесен од проф. д-р Антонио Глигориевски“, без прилозите:

1. Молба, од проф. д-р Антонио Глигориевски, од 7.10.2019 година
2. Одлука, бр. 2002-41/4 од 24.1.2017 г.
3. Покана бр. 02-4658/1 од 17.10.2019 г.
4. Извештај од кадровскиот одбор
5. Одлука за потврдување на избор од 29.10.2019 г.

и на страна 27 до 28 Во Билтенот број 1209 од 15.2.2020 година објавен е „Одговор на Рецензентската комисија на приговорот поднесен од д-р Антонио Глигориевски на Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област радиологија на Медицинскиот факултет – Скопје, објавен во Билтен бр. 1208 од 1.2.2020 година“.

Со оваа исправка се објавуваат и прилозите:

1. Молба, од проф. д-р Антонио Глигориевски, од 7.10.2019 година
2. Одлука, бр. 2002-41/4 од 24.1.2017 г.
3. Покана бр. 02-4658/1 од 17.10.2019 г.
4. Извештај од кадровскиот одбор
5. Одлука за потврдување на избор од 29.10.2019 г.

**Прилог:** Писмо од Медицинскиот факултет бр. 02 – 844/1 од 19.2.2020 година со барање за дополнување на билтенот бр. 1209 од 15.2.2020 година, со објавување на прилозите на поднесениот приговор.

ДО
ДЕКАНАТОТ НА
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ
С К О П Ј Е

Македонија
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ-Скопје
07-10.2019
02 4238/80

# МОЛБА

Од проф. д-р АНТОНИО ГЛИГОРИЕВСКИ специјалист радиолог, вработен во ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ Скопје.

Во врска со конкурсот објавен во весникот „Вечер“ на 30.09.2019 година за избор на лица во наставно-научни, научни и соработнички звања на Медицинскиот факултет - Скопје.

Конкурирам за избор во звањето редовен професор по предметот Радиологија на Медицинскиот факултет во Скопје.

**Прилог:**

- Куса биографија
- Диплома за одбранет докторат
- Уверение за положена специјализација
- Уверение со оценки за завршени додипломски студии
- Диплома за завршен факултет
- Уверение за познавање на странски јазик на ниво Б2
- Уверение за државјанство
- Список на рецензирани трудови
- Трудови за рецензија
- Други документи

Со почит,

проф. д-р Антонио Глигориевски
специјалист радиолог
тел. 076/656-030
e-mail: atglmed@gmail.com

2002-41/4
24.01.17

Врз основа на член 63 став 1 точка 7, член 125 и член 134 од Законот за високото образование („Службен весник на Р. Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), член 266 од Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, а во согласност со Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно - научни, наставно - стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, Наставно - научниот совет на Факултет за медицински науки, на својата редовна 175та седница одржана на ден 24.01.2017 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

1.Д-р Антонио Глигориевски се избира за наставник во звање вонреден професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип за наставно-научната област радиологија.

2.Именуваниот се избира во наведеното звање за време од 5 (пет) години сметано од денот на изборот.

3.Именуваниот ќе го задржи работното место во институцијата во која е вработен, а на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ќе изведува наставно - научна дејност врз основа на Договор за ангажирање.

## Образложение

На распишаниот Конкурс за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област радиологија објавен во дневните весници „Нова Македонија" „Утрински весник" и „Коха" на ден 02.09.2016 година, се пријави кандидатот д-р Антонио Глигориевски.

Реферaтот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во „Универзитетски билтен" бр.181 од 15.12.2016 година.

Наставно - научниот совет, на својата 175та седница одржана на ден 24.01.2017 година, по предлог на Рецензентската комисија во состав:

1. **Проф. д-р Тане Маркоски –** редовен професор за наставно – научната област радиологија, вработен на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип – **претседател**;
2. **Проф. д-р Васо Талески–** вонреден професор за наставно – научната област микробиологија, вработен на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип – **член;**
3. **Проф. д-р Георги Толовски –** редовен професор за наставно – научната област радиологија, вработен на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – **член.**

го избра д-р Антонио Глигориевски за наставник во звање вонреден професор на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип за наставно-научната област радиологија.

Одлуката да се достави до:
1. Именуваниот
2. Персонално досие
3. Оддел за сметководство
4. Архива
5. Тело за усогласена примена на ЗВО

Декан
Проф. д-р Рубин Гулабоски

Република Северна Македонија
Универзитет „Св.Кирил и Методиј"
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр.02-4658/1
Дата 17.10.2019 год.
С к о п ј е

**ДО**

----------------------------------------------

----------------------------------------------

**Член на Наставно-научниот совет**

**Т У К А**

**П О К А Н А**

Врз основа на член 114 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 82/2018) **СВИКУВАМ XXI** редовна седница на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје, на ден **22.10.2019** година **(вторник)** со почеток во **13:00 часот** во Амфитеатарот во деканатот на Факултетот со следниов

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на записникот од XX седница на Наставно-научниот совет одржана на ден 10.09.2019 година.

2. Соопштенија од деканот.

3. Донесување на Деловник за начинот на работа и одлучување на Наставно-научниот совет, Деканатската управа, Катедрите, работните и стручните тела, одборите, Наставно-научните колегиуми и комисиите на Медицинскиот факултет во Скопје.

4. Избор на Комисија за самоевалуација на факултетот и избор на подкомисии за евалуација на студиски програми.

5. Извештаи по рецензии.

а) Извештај од комисијата за рецензија на ракописот со наслов: „Анатомија 2" за студентите од Стоматолошки факултет од авторите: проф.д-р Јулија Живадиновиќ, проф.д-р Марија Папазова, проф.д-р Ники Матвеева, проф.д-р Биљана Зафирова, доц.д-р Елизабета Чадиковска, Билтен на УКИМ бр. 1200 од 01.10.2019 година, стр.155-159.

б) Извештај од комисијата за рецензија на ракописот со наслов: „Анатомија 2" за студентите од Медицински факултет од авторите: проф.д-р Јулија Живадиновиќ, проф.д-р Ники Матвеева, проф.д-р Марија Папазова, проф.д-р Биљана Зафирова, доц.д-р Елизабета Чадиковска, Билтен на УКИМ бр. 1201 од 15.10.2019 година, стр.42-45.

***в) Извештаи од комисии за оцена на пријавена тема за изработка на докторски дисертации по медицина од докторанти на Школата за докторски студии при УКИМ (позитивните извештаи на рецензентските комисии за оценка на подобност на тема за поднесок на докторски студии за следните кандидати се едногласно прифатени од Советот на студиска програма од третиот циклус докторски студии) за:***

1. Д-р Марија Попова Лабачевска на тема: „Клиничко и прогностичко значење на мутационен профил на пациентите со BCR-ABL негативни миелопролиферативни неоплазми во Република Северна Македонија".

2. Д-р Горан Павловски на тема: „Судско-медицинска експертиза на повреди при пад од височина".

3. Д-р Марија Толеска Донеска на тема:„Ефекти на лековите на неопијатната анестезија (Opioid free anesthesia) кај лапароскопска операција на жолчното ќесе".

***г) Извештаи од комисии за оцена на докторски дисертации по медицина од докторанди на Школата за докторски студии при УКИМ за:***

1. Д-р Анета Сима на тема: „Евалуација на ризик фактори за ендометријална патологија во перименопауза и нивна асоцијација со кардиоваскуларен морбидитет", Билтен на УКИМ бр. 1198 од 01.09.2019 година, стр. 36-42.

2. Д-р Весна Ливринова на тема: „Перинатален исход кај пациентки со ниска вредност на на плазма-протеин А поврзан со бременоста (Pregnancy associated plasma protein A) во прв триместар", Билтен на УКИМ бр. 1198 од 01.09.2019 година, стр. 43-50.

3. Д-р Корнелија Трајкова на тема: „Вагинален микробиом кај женска популација во репродуктивен период". Билтен на УКИМ бр. 1198 од 01.09.2019 година, стр. 51-59.

4. Д-р Ана Лазарова на тема: „Предоперативен стејџинг на ректален карцином со магнетна резонанца", Билтен на УКИМ бр. 1199 од 15.09.2019 година, стр. 20-28.

***д) Извештај од комисијата за оцена на магистерски труд по јавно здравство за:***

1. Дипл.социолог Надица Тотиќ на тема: „ Здравствени и социјални аспекти на животот на старите лица на територија на град Скопје ".

***ѓ) Извештај од комисијата за оцена на докторска дисертација по јавно здравство на Школата за докторски студии при УКИМ за:***

1. М-р Анѓелка Јанкуловска на тема: „Здравствена заштита на мигрантите во Република Северна Македонија, бариери и предизвици".

6. Извештаи од одбори, наставно-научни колегиуми и комисии

- Кадровски одбор
- Наставен одбор
- Научен одбор
- Совет на студиска програма за трет циклус студии по медицина
- Наставно-научен колегиум за постдипломски студии
- Одбор за специјализации и супспецијализации
- Одбор за меѓународна соработка
- Наставно-научен колегиум по јавно здрвство
- Совет на студиска програма за трет циклус на студии по јавно здравство

7. Избор на демонстратори:

а) Избор на Теодора Матовска за демонстратор по предметите: Патологија 1 и Патологија 2 од студиската програма по општа медицина на Катедрата за патологија.

б) Избор на Александра Пешевска Тодорчевска за демонстратор по предметот: Биофизика од студиската програма по општа медицина на Катедрата за медицинска физика.

в) Избор на Тамара Ангеловска за демонстратор по предметот: Основи на имунологија од студиската програма по општа медицина на Катедрата за имунологија.

г) Избор на Сандра Цветковска за демонстратор по предметот: Вовед во хумана генетика од студиската програма по општа медицина на Катедрата за хумана генетика.

д) Избор на Дејан Трпевски и Стефан Јовиќ за демонстратори по предметите: Анатомија 1, Анатомија 2 и Анатомија 3 од студиската програма по општа медицина и анатомија со Хистологија од струдиските програми од тригодишните стручни студии на Катедрата за анатомија.

ѓ) Избор на Биљана Андоновска и Александра Гавриловска Брзанов за демонстратори по предметот: Анестезија, анестезија со реанимација и здравствена нега од студиската програма по општа медицина на Катедрата за анестезиологија и реанимација.

е) Избор на Драгана Бислимовска за демонстратор по предметите: Медицина на трудот за студентите од студиската програма по општа медицина, Медицина на трудот и ергономија на студентите од тригодишните стручни студии за дипломиран физиотерапевт, Медицина на трудот на студентите од тригодишните стручни студии за дипломиран логопед и Јавно здравство со епидемиологија и статистика на студентите од тригодишните стручни студии за дипломирана медицинска сестра/медицински техничар на Катедрата за медицина на трудот.

ж) Избор на Марија Коштревска за демонстратор по предметот: Медицинска хемија за студентите по општа медицина, тригодишните стручни студии за дипломирана медицинска сестра/медицински техничар, дипломиран физиотерапевт како и за студентите по дентална медицина на Стоматолошкиот факултет на Катедрата за медицинска хемија.

з) Избор на Викторија Атанасова за демонстратор по предметите: Физиологија на клетка, Физиологија 1 и Физиологија 2 од студиската програма по општа медицина и Физиологија од останатите студиски програми од тригодишните стручни студии на Катедрата за физиологија.

8. Избори по билтени

Избор во наставно-научни звања на Медицинскиот факултет, а според Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Билтен бр. 1200 од 01.10.2019 година.

I. *Избор по билтен бр. 1200*

а) Избор на редовен професор во наставно-научната област судска медицина, форензична психијатрија и медицинска етика и деонтологија врз основа на рецензијата, а по пријава на вонр.проф.д-р Верица Попоска (*предложена за избор*) стр. 75-87.

б) Избор на редовен професор во наставно-научните области: фармакологија, токсикологија и клиничка фармакологија врз основа на рецензијата, а по пријава на вонр.проф.д-р Димче Зафиров (*предложен за избор*), стр.88-99.

в) Избор на редовен професор во наставно-научната област радиологија врз основа на рецензијата, а по пријава на вонр.проф.д-р Виолета Василевска Никодиновска (*предложена за избор*) и избор на вонреден професор во наставно-научната област радиологија врз основа на рецензијата, а по пријава на доц.д-р Елизабета Стојовска Јовановска (*предложена за избор*), стр. 100-138.

г) Избор на вонреден професор во наставно-научната област патолошка анатомија врз основа на рецензијата, а по пријава на доц.д-р Славица Костадинова Куновска (*предложена за избор*), стр. 139-154.

**Напомена: Материјалите за седницата се достапни на www.medf.ukim.edu.mk се доставени на Вашата е-маил адреса (*доколку имате промена на Вашата е-маил адреса Ве молиме јавете се на тел: 3103 700*).**

Декан
Проф.д-р Соња Топузовска

# ИЗВЕШТАЈ ОД КАДРОВСКИОТ ОДБОР

Кадровскиот одбор на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет од Скопје одржа состанок на **15.10.2019 година во 13 часот**. На состанокот присуствуваа мнозинство од членовите на Одборот. По однос на предложените точки од дневниот ред и спроведеното гласање, Кадровскиот одбор на Наставно-научниот совет го предлага следното:

***1. Предлагање на рецензентски комисии по распишаниот конкурс од факултетот за избор на лица во сите наставно-научни, научни, насловни и соработнички звања, а по предлог од катедрите.***

**Кадровскиот одбор му предлага на ННС да ги усвои следните рецензентски комисии:**

За Конкурс објавен на 30.09.2019 година во дневните весници „Вечер" и „Коха" од Медицинскиот факултет во Скопје за избор на лица во сите наставно-научни, научни, насловни и соработнички звања во следниве наставно-научни области:

**- 2 наставника** во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област

- радиологија

Се предлага комисија во состав:
1. Проф.д-р Михаел Груневски
2. Проф.д-р Василчо Спиров
3. Проф.д-р Виолета Василевска Никодиновска

ВОНРЕДЕН ПРОФ.

**Пријавени кандидати**: д-р Антонио Глигориевски и асистент-докторанд д-р Менка Лазареска.

**- 2 асистенти** по предметот радиологија;

Се предлага комисија во состав:
1. Проф.д-р Михаел Груневски
2. Проф.д-р Виолета Василевска Никодиновска
3. Доц.д-р Билјана Пргова

**Пријавени кандидати**: д-р Андреа Нанчева Богоевска, д-р Дејан Даскалов и д-р Митко Илиевски.

**- 2 наставника** во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област

- ортопедски болести

Се предлага комисија во состав:
1. Проф.д-р Златко Темелковски
2. Проф.д-р Зоран Божиновски
3. Проф.д-р Милан Самарџиски

**Пријавени кандидати**: в.н.сор.д-р Даниела Георгиева и н.сор.д-р Роза Џолева Толевска.

**- 3 наставника** во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области:

- гинекологија и акушерство
- гинекологија и акушерство со нега

Се предлага комисија во состав:

Бр. 02- __/__
29. 10 .2019 година
Скопје

Врз основа на член 94, став 1, алинеја 43, член 173, став 2 и член 175, став 2 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), Универзитетскиот сенат на 35. седница одржана на 29.10.2019 година ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## потврдување на избор во звањето редовен професор

Член 1

Се потврдува изборот во звањето редовен професор на **д-р Виолета Василевска - Никодиновска,** вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Медицински факултет во Скопје, во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област:

*-радиологија (30221).*

Редовниот професор го задржува звањето доживотно и заснова работен однос на неопределено време.

Член 2

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

Р е к т о р

Проф. д-р Никола Јанкуловски

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Медицински факултет

Republic of North Macedonia
Ss. Cyril and Methodius in Skopje
Faculty of Medicine



Архивски знак: 1107
Рок на чување: 2
2023 год.
Потпис.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ
Република Северна Македонија
Бр. 02-844/1
19.02 2020 год.
СКОПЈЕ


**До**
**Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје**
**За Ректор проф.д-р Никола Јанкуловски**


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
СКОПЈЕ

| Примено: 19-02-2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 321/1 | | |


**Предмет:** *Барање*

Почитуван,

Во Билтенот на Универзитетот број 1209 од 15.2.2020 година објавен е Приговор и Одговор на приговор на Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област радиологија на Медицинскиот факултет - Скопје, објавен во Билтен бр. 1208 од 1.2.2020 година. По увидот во Билтенот констатиравме дека Приговорот е објавен без прилозите кои се составен негов дел.

Од страна на Медицинскиот факултет во Скопје, приговорот со прилозите Ви е доставен за објава во Билтен во хартиена форма во архивата на Униеврзитетот на ден 13.2.2020 година, но истиот ден во елетронска форма е пратен само Приговорот без неговите прилози.

Согласно наведеното, Ве замолуваме да направите дополна на Билтенот на Универзитетот број 1209 од 15.2.2020 година и да ги објавите прилозите на поднесениот Приговор од д-р Антонио Глигориевски на Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област радиологија на Медицинскиот факултет - Скопје, објавен во Билтен бр. 1208 од 1.2.2020 година.

Благодариме за соработката.

**Декан,**
**Проф.д-р Соња Топузовска**


Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Медицински факултет
Република Северна Македонија
1
СКОПЈЕ